Врз основа на член 111 став (5) од Законот за електронските комуникации ( „Службен весник на РСМ“, број 135/2026, 269/2026 и 132/2026), (во понатамошниот текст ЗЕК), Агенцијата за електронски комуникации објавува:

# НАМЕРА

За спроведување на постапка на јавен тендер за определување на оператор и/или давател на универзална услуга

## 1. Предмет

Предмет на оваа намера за спроведување на постапка на јавен тендер е избор на оператор и/или давател на универзална услуга за секоја од следниве услуги опфатени со универзаланата услуга и тоа :

- Согласно член 107 од ЗЕК обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги,
- Согласно член 108 од ЗЕК обезбедување на услуги за информации и јавен именик, и
- Согласно член 109 од ЗЕК обезбедување на јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги.

## 2. Обезбедување на услуга пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги

Агенцијата за електронски комуникации има намера да објави јавен тендер за избор на еден оператор на универзална услуга што ќе обезбеди пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги што треба да биде во можност да поддржи говор, факс и пренос на податоци со брзина доволна за да се обезбеди ефикасен пристап на интернет, согласно Правилникот за обезбедување на услугите опфатени со универзална услуга.

### 2.1. Услуги кои што треба да ги обезбедува операторот на универзална услуга

Операторот на универзална услуга за обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги, на секој краен корисник, врз основа на неговото разумно барање, треба да му овозможи:

- Појдовни и дојдовни говорни повици во националниот (домашниот) и меѓународниот телефонски сообраќај,
- Комуникација преку факс машина, и
- Пренос на податоци со брзина од најмалку 30 Mb/s за дојдовна насока(downlink) што е доволна да се обезбеди ефикасен пристап на интернет.

Операторот на погоре наведените услуги опфатени со универзалната услуга кој ќе се јави на постапката за избор и кој ќе биде избран да ги обезбедува истите треба особено да го има предвид членот 118 од ЗЕК (Брзина на пренос на податоци за ефикасен пристап до интернет).

### 2.2. Времетрење на договорот

Агенцијата за електронски комуникации со изборот на оператор на универзална услуга, по спроведена постапка на јавен тендер ќе склучи договор за обезбедување на универзална услуга за период од 3(три) години.

### 2.3. Географска покриеност

Операторот на универзална услуга треба да ја нуди услугата на сите крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија без оглед на нивната географска локација.

### 2.4. Употребна технологија

Универзалната услуга за пристап на фиксна локација се обезбедува преку јавна електронска комуникациска мрежа без разлика на видот на применетата технологија за пристап (поврзување со кабелска мрежа или радиокомуникациска мрежа).

### 2.5. Рок на исполнување на обврските

Избраниот оператор на универзална услуга треба брзината на пренос на податоци за ефикасен пристап на интернет од 30 Mb/s (пропишана во Правилникот за обезбедување на услугите опфатени со универзална услуга објавен во „Службен весник на РСМ" број 207/2026 ) да ја обезбеди во рок од 1(една) година од денот на склучување на договорот за обезбедување на универзалната услуга.

### 2.6. Мерки за корисниците со попреченост и за ученици со посебни образовни потреби во редовните и посебните основни и средни училишта

Операторот на универзална услуга за обезбедување на појдовни и дојдовни говорни повици при обезбедување на услугите треба да ги има предвид потребите на крајните корисници со попреченост со преземање на соодветни мерки, а со цел да обезбеди пристап до услугите и прифатливост на цените на услугите еквивалентни на оние што ги имаат другите крајни корисници на комерцијална основа во Република Северна Македонија.

Операторот на универзална услуга за обезбедување на појдовни и дојдовни говорни повици треба на лицата со оштетен слух или на лицата со сериозни говорни проблеми да им понуди терминална опрема, по цена базирана на трошок, која ќе им овозможи повици еднакви на говорните, како на пример праќање на текстуални пораки или на некој друг визуелен начин. Секоја поправка или замена на терминалната опрема ќе биде извршена бесплатно од страна на операторот на универзална услуга, освен ако се докаже дека корисникот ја злоупотребил терминалната опрема.

Операторот на универзална услуга за обезбедување на појдовни и дојдовни говорни повици треба да обезбеди за слепите лица и лицата кои имаат сериозни проблеми со видот можност за примање бесплатни информации за цената на услугите или за нивна последна телефонска сметка со бирање на посебен број.

Операторот на универзална услуга за обезбедување на појдовни и дојдовни говорни повици треба да овозможи на крајните корисници со попреченост, на нивно барање плаќањето на сметката за обезбедената универзална услуга да се изврши на адресата на која што живее лицето.

Операторот на универзална услуга треба на сите редовни и посебни основни и средни училишта во Република Северна Македонија по нивно разумно барање и по цени базирани на трошок да им обезбеди терминална опрема за пристап до услугата пренос на податоци со брзина пропишана во Правилникот за услуги опфатени со универзалната услуга, за оние ученици кои што од овие училишта се идентификувани како ученици со посебни образовни потреби.

### 2.7. Цени за услугите, контрола на трошоци и детална сметка

Операторот на универзална услуга треба да ја нуди услугата на сите крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија по еднакви цени. Операторот на универзална услуга треба да понуди посебни цени и пакети, што се разликуваат од оние што се обезбедуваат врз основа на стандардни комерцијални услови, со цел на крајните корисници со статус на социјален случај и/или на крајните корисници со посебни социјални потреби согласно закон,да им обезбеди користење на услугите опфатени со универзалната услуга.

Операторот на универзална услуга е должен цените за поединечните услуги што ги обезбедува како универзална услуга да ги објави на својата веб страница и/или на начин на кој ќе бидат достапни на јавноста.

Операторот на универзална услуга треба да им обезбеди на своите корисници можност за контрола на трошоците согласно членот 114 став (2) од ЗЕК (Контрола на трошоци).

Операторот на универзална услуга треба на своите корисници бесплатно да им изготви и достави детална сметка, освен на оние кои писмено го известиле операторот на универзална услуга дека сакаат да им се доставува недетална сметка. Деталната сметка треба особено да содржи:

- Периодот на кој се однесува сметката,
- Износот на претплатата,
- Видот и износот на еднократните и другите надоместоци за пресметковниот период,
- Направени повици и нивното времетраење,
- Број на пресметковни единици и вкупно пресметани износи за:
    - Национален сообраќај
    - Меѓународен сообраќај
    - Сообраќај кон мобилни и/или фиксни јавни комуникациски мрежи
    - Пренос на податоци (одделно за пристап на интернет и одделно за интернет сообраќај) и
    - Други дополнителни услуги.

Деталната сметка не ги вклучува повиците кон бесплатните броеви и кон броевите на службите за итни повици.

### 2.8. Критериуми за избор на операторот на универзална услуга

Критериумите врз основа на кои ќе се изврши избор на оператор на универзална услуга за обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги се:

- Подготвеност на понудувачот да ја обезбеди услугата, а ќе се оценува според рокот за кој операторот на универзална услуга ќе ја обезбеди брзината на пренос на податоци согласно Правилникот за обезбедување на универзална услуга – 20 бодови

Понудувачите за обезбедување на услугата добиваат бодови според следната формула:

**$K1 = (1 - Ai/12) * 20$**

каде што:

**К1** – број на бодови,

**Ai** – рок (изразен во месеци), за кој понудувачот се обврзува дека ќе ја обезбеди брзината на пренос од 30 Mb/s на понудувачот кој се оценува.

- Оценка за висината на потребните средства за обезбедување на услугата, односно предвидениот износ на надомест од компензацискиот фонд за универзална услуга што понудувачот ќе го побара за обезбедување на услугата – 80 бодови.

Понудувачот кој има најнизок проценет нето трошок за обезбедување на услугата за вкупно времетраење на договорот добива 80 бодови. Останатите понудувачи за обезбедување на истата услуга добиваат бодови според следната формула:

**$K2 = (Amin/Ai) * 80$,**

каде што:

**К2** – број на бодови,

**Amin** – најнизок понуден нето трошок од било кој понудувач,

**Ai** – понуден нето трошок на понудувачот кој се оценува.

### 2.9. Квалитет на универзалната услуга

Операторот на универзална услуга за обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги треба да ги нуди услугите со следниве минимални услови на квалитет:

- Времето на воспоставување на услугата на фиксна локација не може да биде подолго од 30 дена за 95% реализирани приклучоци во една календарска година, односно 60 дена за 99% реализирани приклучоци во една календарска година;

- Зачестеноста на пријавени дефекти на корисничка линија не смее да надмине вредност од 15% во една календарска година;
- Времето за отстранување на пријавен дефект на корисничка линија не може да биде подолго од 24 часа за 80% пријавени дефекти во една календарска година;
- Отстранувањето на пријавени дефекти на пристапните линии до службата што го опслужува единствениот број за итни повици Е-112 има предност во однос на отстранувањето на сите други видови пријавени дефекти во текот на 24 часа
- секој ден во неделата во согласност со посебен пропис со кој се регулира работењето на службата што го опслужува единствениот број за итни повици Е-112;
- Зачестеноста на неуспешни повици во јавната електронска комуникациска мрежа на операторот на универзална услуга не може да премине вредност од 2% во една календарска година;
- Просечното време на воспоставување на повик во јавната електронска комуникациска мрежа на операторот на универзална услуга не може да премине вредност од 3 секунди во една календарска година;
- Времето на воспоставување на повик во јавната електронска комуникациска мрежа на операторот на универзална услуга во која се воспоставени 80% повици во една календарска година не може да премине вредност од 5 секунди;
- Просечното време на јавување на лицето-оператор од надлежната служба на операторот на јавна телефонска мрежа не може да премине вредност од 15 секунди во една календарска година;
- Процентот на повици на кои лицата-оператори од надлежната служба на операторот на јавна телефонска мрежа одговориле во период до 20 секунди не може да биде помал од 80% во една календарска година;
- Зачестеноста на приговори за износот на сметката за обезбедена универзална услуга не може да биде поголема од 0,5% во една календарска година.

### 3. Обезбедување на услуги за информации и јавен именик

Агенцијата за електронски комуникации има намера да објави тендер за избор на еден давател на универзална услуга за обезбедување на услуги за информации и јавен именик за корисниците во Република Северна Македонија, под услови и начин утврдени со членот 108 од ЗЕК. Со услугата за информации на корисниците им се обезбедуваат информации од јавниот именик на сите крајни корисници во РСМ, вклучувајќи ги и корисниците на јавните телефонски говорници.

Операторот на јавни комуникациски услуги помеѓу лица кои користат нумерација е должен без надоместок да ги извести своите крајни корисници, пред вклучувањето на нивните лични податоци во јавниот именик, за целите на електронското издание на именикот, или именикот кој и е достапен на јавноста преку службата за давање на информации , како и за сите други можности за користење на нивните податоци согласно ЗЕК.

Операторите на јавни комуникациски услуги помеѓу лица кои користат нумерација се должни однапред, без надоместок да ги известат крајните корисници кои што се физички лица кои не вршат дејност за нивното право за бесплатно вклучување на нивните лични

податоци во јавниот именик, врз основа на сопствен избор, како и за правото на бесплатна проверка, измена, дополна или бришење на своите лични податоци од јавниот именик согласно прописите за заштита на личните податоци. Правните лица, како и физичките лица кои вршат дејност не можат да бараат ограничување за вклучување на нивните податоци во јавниот именик.

Операторите на јавни комуникациски услуги помеѓу лица кои користат нумерација се должни на давателот на универзална услуга за обезбедување на услуги за информации и јавен именик, бесплатно да му ги предадат податоците за крајните корисници во рок од 30 дена од денот на склучувањето на договорот за обезбедување на универзална услуга со АЕК.

### 3.1. Форма и содржина на јавниот именик

Давателот на универзаната услуга за обезбедување јавен именик го обезбедува јавниот именик во електронска форма, и во печатена форма по барање на крајниот корисник.

Јавниот именик треба да содржи податоци особено за:

- Телефонските корисници кои се физички лица: име, презиме, евентуално титулар, адреса и телефонски број,
- Телефонските корисници кои што се правни или физички лица кои вршат дејност: назив, седиште, адреса на сите деловни единици (доколку ги има) со соодветни телефонски броеви, а најмалку 1 (еден) телефонски број за секоја адреса.

Давателот на универзална услуга за обезбедување на јавен именик треба податоците за корисниците на различни оператори да ги прикаже на идентичен и недискриминирачки начин во јавниот именик. Во јавниот именик кој е достапен во електронска форма промената на податоците за корисниците се прикажува во рок од 24 часа од приемот на промените на податоците и истиот се ажурира постојано.

Податоците за корисниците од јавниот именик треба да и бидат на располагање на службата за давање на информации за броевите на крајните корисници од јавниот именик на транспарентен и недискриминирачки начин. Податоците на корисниците од јавниот именик можат да бидат користени само за онаа намена за која корисникот му дал писмена согласност на својот оператор, како и во случаи утврдени со закон.

Давателот на универзалната услуга податоците за корисниците од јавниот именик ќе ги добива од операторите, во согласност со начелата на непристрасност и недискриминација и по цени базирани на трошоци.

Давателот на универзалната услуга за обезбедување на јавниот именик во договор со сите оператори го утврдува образецот за доставување на податоци за корисниците и истиот треба да содржи податоци особено за:

- Телефонските корисници кои се физички лица: име, презиме, евентуално титулар, адреса и телефонски број,
- Телефонските корисници кои се правни лица или физички лица кои вршат дејност: назив, седиште, адреса на сите деловни единици (доколку ги има) со

соодветни телефонски броеви, а најмалку еден телефонски број за секоја адреса,

- Согласност, односно забрана, од телефонските корисници кои се физички лица нивните податоци или дел од податоците да бидат објавени во јавниот именик или до тие податоци да може да се дојде преку службата за информации.

Давателот на универзалната услуга за обезбедување на јавниот именик ја определува постапката, начинот, роковите и временската рамка кога операторите треба да ги доставаат податоците или измените на податоците за своите корисници.

Давателот на универзална услуга за обезбедување на јавен именик не е одговорен за објавените податоци во јавниот именик, а кои му ги доставил соодветнито оператор. За точноста на податоците одговорни се операторите.

### 3.2. Услуги за информации од јавниот именик

#### 3.2.1. Пристап до услугата за информации од јавниот именик

Давателот на универзалната услуга за обезбедување на услуга за информации од јавниот именик треба да им обезбеди можност на корисниците да ги добијат податоците за корисниците кои се објавени во јавниот именик преку:

- Повикување на скратен број, определен со Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Северна Македонија и кој е достапен од сите јавни телефонски мрежи во РСМ,
- Испраќање на кратка текстуална порака на скратен број, определен со Планот за нумерација на јавни комуникациски мрежи и услуги на Република Северна Македонија и кој е достапен од сите јавни телефонски мрежи во РСМ, и/или
- Пристап на интернет портал, без наплата на надоместок.

Податоците што ги води службата за информации од јавниот именик треба да се ажурираат најмалку еднаш месечно.

#### 3.2.2. Цена на услуга за пристап до службата за информации од јавниот именик

Операторите на јавни комуникациски услуги треба на сите свои крајни корисници да им обезбедат услуга за пристап до службата за информации од јавниот именик по еднаква цена на целата територија на Република Северна Македонија.

Операторите на јавни комуникациски услуги треба да понудат посебни цени што се разликуваат од оние што се обезбедуваат врз основа на стандардни комерцијални услови со цел на крајните корисници со статус на социјален случај и/или на крајните корисници со посебни социјални потреби согласно закон, да им се обезбеди услуга за пристап до службата за информации од јавниот именик.

Операторите на јавни комуникациски услуги се должни цената на услугата за пристап до службата за информации од јавниот именик да ја објават на својата веб страница и/или на начин кој ќе биде достапна на јавноста.

Операторите на јавни комуникациски услуги треба да превземат посебни мерки со цел на крајните корисници со попреченост да им се обезбеди услугата за пристап до службата за информации од јавниот именик и прифатливост на цената на истата, еквивалентна на онаа што ја имаат другите крајни корисници во Република Северна Македонија.

Службата за информации од јавниот именик преку повикување на скратен број треба да му биде достапна на корисник на јавна говорница, како и на корисник кој е со оштетен вид или на некој друг начин му е оневозможено читање на телефонскиот именик, а кој е регистриран како лице со попреченост.

Службата за информации од јавниот именик преку испраќање на кратка текстуална порака без надоместок треба да му биде достапна на корисник со оштетен слух кој не е во можност да ја добие бараната информација преку повикување на скратен број.

### 3.3. Времетраење на договорот

Агенцијата за електронски комуникации со избраниот давател на универзална услуга за обезбедување на јавен именик и служба за информации од јавниот именик, по спроведената постапка на јавен тендер ќе склучи договор за обезбедување на универзална услуга за период од 3 (три) години.

### 3.4. Географска покриеност

Давателот на универзална услуга за информации и јавен именик треба да ја нуди услугата на сите крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија без оглед на нивната географска локација.

### 3.5. Рок на исполнување на обврските

Избраниот давател на универзална услуга за информации и јавен именик треба да започне да ја нуди услугата веднаш по потпишувањето на договорот.

### 3.6. Квалитет на универзалната услуга за информации и јавен именик

Давателот на универзалната услуга за информации и јавен именик треба да ја нуди услугата со следниве минимални услови за квалитет:

- Просечно време на јавување на лицето-оператор задолжено за давање на информации не може да надмине вредност од 15 секунди во една календарска година,
- Процентот на повици на кои лицата-оператори задолжени за давање на информации одговориле во период до 20 секунди не може да биде помал од 80% во една календарска година.

### 3.7. Критериуми за избор на давател на услуга за информации и јавен именик

Критериумите за избор на давател на услуга за информации и јавен именик врз основа на кој ќе се изврши избор на давател на универзалната услуга се:

- Понудувачот треба да има најмалку една референца за успешно обезбедување на ваков тип на услуга за друга компанија или истата да ја обезбедува за сопствени потреби. Доколку нема ниту една референца или понудувачот не ја обезбедува услугата за сопствени потреби, понудата на понудувачот нема да биде разгледувана.

- Оценка за висината на потребните средства за обезбедување на услугата, односно предвидениот износ на надомест од компензацискиот фонд за универзална услуга што понудувачот ќе го побара за обезбедување на услугата - 100 бодови.

Понудувачот кој има најнизок проценет нето трошок за обезбедување на услугата за вкупно времетраење на договорот добива 100 бодови. Останатите понудувачи за обезбедување на истата услуга добиваат бодови според формулата:

**К3 = (Amin/Ai )*100**

каде што,

К3 – број на бодови,

**Amin** – најнизок понуден нето трошок на било кој понудувач,

**Ai** – понуден нето трошок на понудувачот кој се оценува.

Доколку повеќе од еден понудувач не побара средства од компензацискиот фонд и со тоа имаат еднаков број на бодови по оценувањето, ќе бидат избрани и повеќе од еден давател за оваа услуга.

### 4.Обезбедување на јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги

### 4.1. Општи одредби

Агенцијата за електронски комуникации има намера да објави тендер за избор на еден давател на универзална услуга за обезбедување на јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги со цел да се задоволат разумните потреби на крајните корисници од аспект на географска покриеност, број на телефонски говорници или други пристапни точки со можност за пристапност на крајните корисници со попреченост и со соодветен квалитет на услугата во согласност со членот 109 став(1) од ЗЕК.

Како баратели за поставување на јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги можат да се јават:

- Здруженија на лица со различни видови на попреченост (оштетен вид, слух, итн)
- Јавни установи, како казнено поправни домови,
- Универзитетски центри,
- Здравствени центри,
- Национални паркови,
- Автопатишта итн.

Давателот на универзална услуга треба да обезбеди можност од сите поставени јавни телефонски говорници бесплатно да се бираат броевите на службите за итни повици.

Давателот на универзалната услуга треба да обезбеди можност од сите поставени јавни телефонски говорници да се бира бројот на службата за информации од јавниот именик.

Давателот на универзалната услуга треба да обезбеди поставените јавни телефонски говорници да прифатат и поинаков начин на наплата, како што се монети, дебитни и кредитни картички или при-пејд картички.

Давателот на универзалната услуга треба да обезбеди разумен број и поставеност на јавните телефонски говорници што ќе бидат прилагодени за лицата со попреченост, а во координација со здруженијата на лица со попреченост.

Давателот на универзалната услуга треба да обезбеди одреден број од јавните телефонски говорници да бидат достапни и употребливи за лица што користат инвалидска количка.

Давателот на универзална услуга може да го прекине обезбедувањето на јавни телефонски говорници на одредена локација особено во следниве случаи:

- Доколку во непосредна близина на јавната телефонска говорница е поставена друга јавна телефонска говорница,
- Доколку јавната телефонска говорница е уништена или сериозно оштетена најмалку три пати последователно во период од една година.

### 4.2. Цени за услугите од јавни телефонски говорници

Цените за услугите од јавни телефонски говорници треба да бидат исти за сите крајни корисници на цела територија на Република Северна Македонија.

Давателот на универзалната услуга за јавни телефонски говорници е должен цените на услугите што ги обезбедува како универзална услуга да ги објави на својата веб страница и/или на начин кој ќе биде достапен за јавноста.

Давателот на универзалната услуга за јавни телефонски говорници е должен да обезбеди од јавните телефонски говорници, без надоместок, да се бираат броевите на службите за итни повици.

### 4.3. Времетраење на договорот

Агенцијата за електронски комуникации со избраниот давател на универзална услуга за обезбедување на јавни телефонски говорници, по спроведената постапка на јавен тендер, ќе склучи договор за обезбедување на универзалната услуга за период од 3 (три) години.

### 4.4. Географка покриеност

Давателот на универзалната услуга за обезбедување на јавни телефонски говорници треба да ја нуди услугата на сите крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија кои што ќе пристапат до локацијата на обезбедените јавни телефонски говорници.

### 4.5. Рок на испонување на обврските

Избраниот давател на универзална услуга за обезбедување на јавни телефонски говорници треба да започне да ја нуди услугата веднаш по потпишувањето на договорот.

### 4.6. Квалитет на универзалната услуга

Давателот на универзалната услуга за обезбедување на јавни телефонски говорници треба да ја нуди услугата со следните минимални услови за квалитет:

- Уделот на исправни јавни телефонски говорници не може да биде помал од 98% во една календарска година.

### 4.7. Критериуми за избор на давател на универзална услуга

Критериумите за избор на давател на универзална услуга за обезбедуување на јавни телефонски говорници врз основа на кои ќе се изврши избор се:

- Подготвеност на понудувачот да ја обезбеди услугата , а ќе се оценува според рокот за кој давателот на универзалната услуга треба да ја обезбеди услугата - 20 бодови.
  Понудувачите за обезбедување на услугата добиваат бодови според формулата:

**K4 = (1-Ai/12)*20**

каде што:

**K4** – број на бодови,

**Ai** – рок изразен во месеци за кој понудувачот се обврзува дека ќе ја обезбеди услугата на понудувачот кој се оценува.

- Оценка за висината на потребните средства за обезбедување на услугата, односно предвидениот износ на надомест од компензацискиот фонд за универзална услуга што понудувачот ќе го побара за обезбедување на услугата - 80 бодови.

Понудувачот кој има најнизок проценет нето трошок за обезбедување на услугата на која се однесува понудата за вкупно времетраење на договорот добива 80 бодови. Останатите понудувачи за обезбедување на истата услуга добиваат бодови според формулата:

**K5 = (Amin/Ai)*80**

каде што:

**K5** – број на бодови ,

**Amin** – најнизок понуден нето трошок на било кој понудувач,

**Ai** – понуден нето трошок на понудувачот кој се оценува.

### 5. Намера за спроведување на постапка на јавен тендер

Оваа намера за спроведување на постапка на јавен тендер за определување на оператори и/или даватели на универзална услуга, Агенцијата за електронски комуникации ќе ја објави во два дневни весника од кои еден дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, како и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации, со цел да овозможи јавна расправа со сите заинтересирани страни согласно член 111 став (5) од ЗЕК.

Пред да ја објави намерата, Агенцијата побара мислење од министерот надлежен за работи од областа на електронските комуникации.

Министерството за дигитална трансформација со допис бр.11-1882/2 од 17.09.2026 година (наш бр.0201-2124/4 од 17.09.2026 година ) и дополнување кон одговорот на барање за мислење број 11-1882/3 од 17.09.2026 година ( наш бр. 0201-2124/5 од 17.09.2026 година ) достави позитивно мислење за целосно запазена постапка и согласност за отпочнување на тендерска постапка за избор на оператори и/или даватели на универзална услуга до Агенцијата за електронски комуникации.

Изготвиле:

Работна група

Живко Белчев – координатор

Васил Ѓатовски – член

Валентин Ѓуровски – член

Славица Настеска – член

Наш број: 0101-2124/7

Скопје, 22.09.2026 година

Агенција за електронски комуникации

Директор

Nusret Haliti